Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS
Бр.-Nr. 0402-47/8
25.03.2021

Врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.12 алинеа 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС и Предлог- Одлуката на Комисијата именувана за вработување на еден извршител - Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), со решение од вд. директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., во следниот состав: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител – технички директор во НУ МНТ -Скопје- член, Олга Јаневска- советник за маркетинг и односи со јавност-заменик член, Соња Николовска Затенко- главен благајник-заменик член и Перо Ралев- одговорен декоратер- заменик член, а согласно мислењата, насоките и наводите донесени во второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-65/3 од 17.03.2021 г., со кое ја усвои Жалбата на неизбраниот кандидат Павле Игновски заведена под бр.0402-18/2 од 09.03.2021 г., и ја укина Одлука за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) заведена под бр.0402-47/4 од 26.02.2021 г. предметот го врати на повторно постапување и одлучување во фаза на административна селекцијана, по која Комисијата за постапка за вработување постапи и донесе нова Предлог-Одлука под бр.0402-47/7 од 25.03.2021 г. врз основа на која вд Директорот на НУ Драмски театар Скопје постапи и на ден 25.03.2021 г., донесе

## ОДЛУКА

За избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител
по оглас бр. 1507489 од 04.01.2021 г.

1. За вработување на еден (1) извршител на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје, се избира прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев.
2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Истоимената Комисија за постапка за вработување, именувана со решение од вд. директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., во следниот состав: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител –технички директор, повторно постапила, а врз основа на мислењата, насоките и наводите донесени во второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-65/3 од 17.03.2021 г., со кое Управниот одбор ја усвои Жалбата на неизбраниот кандидат Павле Игновски заведена под бр.0402-18/2 од 09.03.2021 г., и ја укина Одлука за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) заведена под бр.0402-47/4 од 26.02.2021 г., а предметот го врати на повторно постапување и одлучување во фаза на административна селекција.

Комисијата на ден 23.03.2021 г. спровела административна селекција на пријавените двајца (2) кандидати- Павле Игновски и Горјан Донев. Согласно Записникот од спроведената административна селекција под бр.0402-47/5 од 23.03.2021 г.,, кандидатот- 1 Павле Игновски не ја поминал успешно истата затоа што, ги исполнувал општите услови наведени во огласот, а не ги исполнувал посебните услови од огласот, а тоа е доказ за остварени минимум 5 години работно искуство во струката, заведени во Агенцијата за вработување на РСМ. Поради тоа, Комисијата констатирала дека, кандидатот -1, Павле Игновски не ја поминал успешно административната селекција и истиот не продолжил во следната фаза на постапката, односно не бил повикан на интервју. Кандидатот -2 Горјан Донев успешно ја поминал административната селекција поради исполнување на општите и посебни услови барани во огласот и имал валиден доказ за остварени минимум 5 години работно искуство во струката, заведени во Агенцијата за вработување на РСМ. Со Кандидатот-2 била спроведена следната фаза во постапката, а тоа е интервјуто. Интервјуто се одржало на ден 25.03.2021 г.. На Кандидатот-2 Горјан Донев му биле поставени, мотивациони, општи и посебни прашања кои целосно ги одговорил и успешно ја поминал и оваа фаза од постапката.

Според ставот и мислењата на сите членови на Комисијата, и според сите доставени веродостојни документи и одговорени прашања,применувајчи ги сите законски прописи и подзаконски акти, како прворангиран и единствен кандидат кој успешно ги поминал двете фази од постапката и тоа: административната селекција и интервјуто, Комисијата го предложи кандидатот-2, Горјан Донев, да се вработи на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје.

Од сето горенаведено, а врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.12 алинеа 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС под бр.0201-478/5 од 24.09.2018 г., и второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-65/3 од 17.03.2021 г., Записникот од спроведената административната селекција под бр. 0402-47/5 од 23.03.2021 г., Записникот од спроведеното интервју под бр.0402-47/6 од 25.03.2021 г.,и Предлог Одлуката под бр. 0402-47/7 од 25.03.2021 г., се донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена со денот на приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ДТС.

НУ Драмски театар Скопје

В.д Директор,

Катарина Коцевска Хаџи Василева

Доставено до:
Архива и
Кандидатите.